РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА

| Примено: | 28. 05. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| 11 | 112/1 | | |

[redacted]

До: Општина Битола

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

[redacted]
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
Застапник / полномошник на барателот на информацијата [redacted]
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот барам да ни ги достави следниве информации од јавен карактер:

1. Дали вашата општина досега има примено жолти и сини канти и контејнери од 120 литри и од 1100 литри од Министерството за животна средина и просторно планирање за примарна селекција на отпад од пакување?

2. Доколку има примено, наведете го поединечниот број на добиени канти и контејнери, и тоа:

- сина канта од 120 литри
- жолта канта од 120 литри
- син контејнер од 1100 литри
- жолт контејнер од 1100 литри

3. Дали вашата општина има склучено договор со колективен постапувач за управување со отпад од пакување?

4. Доколку имате склучено договор, доставете ни ги информациите за тоа кога е склучен секој поединечен договор, со кого и до кога трае?

5. Дали во вашата општина постои функционално селектирање и управување со посебните текови на отпад кои се дел од системот на проширена одговорност на производителот?

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **<u>г) електронски запис</u>**
- д) друго-----------------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **<u>г) е-маил</u>**
- д) друго-----------------------------------------------------------------------------

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Датум и место:
28.05.2025

Потпи[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
Одделение за животна средина

Бр.11-112/2
29.05.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-112/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Примил:

Емилија Илиевска

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
[redacted]

Бр. 11-112/3
29.05.2025

**Предмет: Доставување за Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ве известуваме дека Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Општина Битола, е препратено е до **ЈП Комуналец.**

Во прилог:

1. Копија од дописот до ЈП Комуналец со бр. 11-112/4 од 29.05.2025 год.

Секоја понатамошна комуникација ќе се одвива меѓу Вас и ЈП Комуналец Битола.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА •

Емилија Илиевска

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

До
ЈП Комуналец
16-та Б.Б Битола

Бр.11-112/4
29.05.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Согласно член 18 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, Ви го доставуваме за понатамошно постапување барањето бр.11-112/1 од 28.05.2025 година, за пристап до информации од јавен карактер доставено од [redacted]

Ве молиме да одговорите на истото во директна комуникација со барателот.

Во прилог:
Копија од барање за пристап до информации од јавен карактер од [redacted] о бр. 11-112/1 од 28.05.2025 год.

Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Емилија Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА •

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за спроведување на урбанистички планови, урбанистичко планирање, заштита на животната средина, комунални дејности и уредување на градежно земјиште
Одделение за урбанистичко планирање и заштита на животната средина
27.03.2025 год.
Битола

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 02. 06. 2025

| Орг.Един: | Број: | Прилог: | Вредност: |
| --- | --- | --- | --- |
| 11 | 112/5 | | |

До
Емилија Илиевска
Лице за посредување при остварување
на слободен пристап до информации од јавен карактер

ПРЕДМЕТ: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.11-112/2 од 29.05.2025год.
ВРСКА: Одговор на Барање врска бр.11-112/2 од 30.05.2025година

Почитувана,

Во врска со Вашето Барање за пристап до информации од јавен карактер бр.11-112/2 од 29.05.2025год, а се однесуваат на [redacted] информираме дека:

1.Согласно Договор за јавна набавка бр.05-425/10 од 22.05.2024 година склучен помеѓу Министерството за животна средина и просторно планирање и Трговското друштво СИНПЕКС ДОО и предмет на Договорот набавка на канти од 120л и контејнери за отпад од 1100л (оглас бр.18015/23) во член 7 согласно податоците за бројот на канти односно контејнери на Општина Битола и се доделени 1212 канти од 120л и 59 контејнери 1110л.

На ден 13.08.2024година на Општина Битола со Испратница и Записник од страна на Трговското друштвто СИНПЕКС ДОО беше извршено примопредавање и тоа:

- 59 контејнери од 1110л (30 плави и 29 жолти)
- 1212 канти од 120л (606 жолти и 606сини)

Од страна на Советот при Општина Битола донесена е Одлука за примање на донација на садови за собирање на отпад од Министерството за животна средина и просторно планирање на РСМ бр.08-954/36 од 25.09.2024 и Одлука за давање на донација во вид на добра на ЈП Комуналец бр.08-954/37 од 24.09.2025 Сл.гласник бр.12 од 25.09.2024 година и истите им се предадени јавното комунално претпријатие.

2.Општина Битола има склучено Договор за соработка бр.08-198 од 20.02.2024година со Друштвото за управување и отпад од пакување Пакомак ДОО Скопје – воспоставување на

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 316 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

меѓусебна соработка околу проект од јавен интерес на Пакомак ДОО во партнерство со Швајцарската амбасада на во РСМ, Smart систем за управување со отпад од пакување и Договор за донација бр.08-198 од 20.02.2024 година- Паметно управување со отпад од пакување со кој преку поставување на повратни вендинбг машини за собирање на пластични шишиња и алуминиумски лименки се поттикнува создавање на навики кај населението за селектирано собирање на отпад од пакување и негово рециклирање како и подигнување на еколошка свест за бенифитите од селекцијата и рециклирањето во насока на заштита и унапредување на животната средина.

При користење на повратните венидинг машини од страна на корисниците за секое поединечно користење се акумулираат „ зелени поени“ на мобилна апликација.

1 (еден) зелен поен за собрано 1(едно) ПЕТ шише или лименка со парична вредност од 0,5 денари.

Општина Битола патиципира во трошоците за реализација на проектот Smart систем за управување со отпад од пакување, односно го презеде финансирањето на зелени поени доделени од граѓаните за користењето на повратните вендинг машини поставени на територијата на Општина Битола преку донирање на финансиски средства на ПАКОМАК ДОО за што е склучен посебен горенаведен Договор за донација.

Средствата со кои Општина Битола го финансира овај проект ги обезбедува во Програмата за животна средина 2024 и 2025 година изгласана од страна на Советот при Општина Битола.

3.Што се однесува до функционалното селектирање и управување со посебни текови на отпад кои се дел од системот на проширена одговорност, Ве информираме дека во согласно Проект за Одржливо управување со отпадот (2024-2025) во партнерство помеѓу Општина Битола, САЛАР интернационал, Министерство за животна средина и просторно планирање и Заедниците на единиците на локална самоуправа како главни чинители во соодветните области на управување со отпадот. Општина Битола беше избрана како пилот општина, формирана е работна група и истата учествуваше во изработка на Оперативен регионален план за управување со отпад, а потоа од него произлезе и Локален акционен план за управување со отпад на ниво на Општина Битола (2024-2025).

Главната цел на Локалниот акциски план за управување со отпадот е неговото целосно имплементирање и спроведување со цел намалување на негативното влијание врз животната средина, човековото здравје и општеството.

-превенција на создавање на отпад-намалување на создавањето на отпад

-рециклирање и повторна употреба на отпадот- создавање на јака циркуларна економија

-ефикасно и безбедно отстранување на отпадот користење на технологии и уништување на отпадот како би се спречило негативното влијание врз животната средина

-подигнување на јавната свест и образовни програми со цел зајакнување на општествената одговорност за правилно ракување на отпадот.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија

тел: 047 234 234 047 208 316 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@mt.net.mk www.bitola.gov.mk

Како успешна акција спроведена согласно акцијата од ЛАП е започнувањето на селекција на пластика во најголемата населба во Битола, Јени мале.

Имено, на домаќинствата во Јенимале кои поседуваат зелена канта беше доделена жолта канта за селекција на пластика, додека на оние кои не поседуваат зелена канта им беше дадена можност истата да ја купат и да добијат жолта канта за селекција со потпишан Договор.

Со почит,

Изработил: Александра Ангеловска

РАКОВОДИТЕЛ НА ОДДЕЛЕНИЕ ЗА
УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ
И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

м-р Валентина А. Кривашија диа

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-112/5
30.05.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од [redacted], поднесено на **28.05.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**СЕ УВАЖУВА** барањето н[redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-112-1/2025** од **28.05.2025 година**, каде бара информација за канти и контејнери примени од Министерство за животна средина.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број **бр.11-112-1/2025** од **28.05.2025 година**. Во барањето наведе дека бара информација за канти и контејнери примени од Министерство за животна средина.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1.Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-112/1 од 28.05.2025
2.Допис до одделение за животна средина со бр.11-112/2 од 29.05.2025
3.Допис до Здружание на граѓани Ценатр за граѓански комуникации со бр.11-112/3 од 29.05.2025
4.Допис до ЈП Комуналец со бр.11-112/4 од 29.05.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 30.05.2025 година, под бр. 11-112/5.

**Службено лице за посредување при остварување**
**на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

**Емилија Илиевска**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА •